РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 30-2704/1
25.02.2015 год.
Скопје

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. Министерство за култура на Република Македонија, со адреса на: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61 - Скопје, застапувано од министерот за култура д-р Елизабета Канческа-Милевска (во понатамошниот текст: Министерство), од една страна, и

2. **Македонското истражувачко друштво - Скопје** (во понатамошниот текст: Корисник), застапуван од Банчо Стојковски
адреса Кеј Димитар Влахов бр 15, тел. 075445364,
жиро-сметка 200000831047880 (единствен даночен број)
4030003471196, депонент на банка Стопанска Банка А1-Скопје склучија

ДОГОВОР

за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата
од областа на музејската дејност за 2015 година

Член 1

Предмет на овој договор е учество во финансирање на проектот ***Надоѓрадба на слободниот софтвер STELARIUM со податоци за народните созвездија карактеристични за македонскиот народ*** на корисникот - **Македонско истражувачко друштво - Скопје**, кој е од национален интерес во културата од областа на музејската дејност за 2015 година.

ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Член 2

Министерството има обврска со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2015 година да учествува во финансирањето на Проектот од членот 1 на овој договор.

Член 3

Министерството учествува во финансирањето на Проектот од членот 1 на овој договор со средства во бруто сума од **80.000,00** (осумдесет илјади) денари.

Министерството има обврска средствата од ставот (1) на овој член да ги преведува во согласност со Оперативниот и со Финансискиот план за реализација на Проектот, кои се составен дел од овој договор.

Плановите треба да содржат прецизни податоци за користењето на средствата од ставот (1) на овој член по намени во секоја фаза од реализацијата на Проектот.

Член 4

Министерството има право да врши контрола и надзор над законското, наменското и економичното користење на средствата од членот 3 став (1) од овој договор, за што Корисникот е должен на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на Проектот.

Расходите (трошоци) направени над висината на средствата од членот 3 став (1) на овој договор Министерството нема обврска да ги подмири.

ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОРИСНИКОТ

Член 5

Корисникот се обврзува да го реализира Проектот од членот 1 на овој договор заклучно со **15.12.2015** година.

Корисникот е должен да се придржува до Оперативниот и до Финансискиот план за реализација на Проектот, кои се составен дел на овој договор.

Корисникот е должен по секоја фаза од реализацијата на Проектот до Министерството да доставува извештаи за потрошените средства, што е услов за добивање средства од Министерството за следната фаза од реализацијата на Проектот од член 1 на овој договор.

Корисникот е должен средствата од членот 3 став (1) на овој договор да ги користи наменски, економично, рационално и во функција на непречено остварување на Проектот и за тоа да води соодветна финансиска евиденција и документација во согласност со законските прописи.

Корисникот, при реализацијата на проектот од членот 1 на овој договор, а во делот на наменското и законско користење и трошење на доделените финансиски средства, задолжително ќе го почитува и ќе ги применува одредбите од Законот за јавните набавки.

Член 6

Корисникот во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот од член 1 на овој договор, е должен до Министерството да достави извештај за реализацијата на проектот кој содржи: наративен приказ за реализацијата на Проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализацијата на проектот, договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите суми од потрошени средства и извори на финансирање, кој ќе се пополни на Образецот даден во прилог на овој договор (достапен и на веб-локацијата на Министерството).

Министерството има право да побара дополнителни материјали и докази за проверка на пополнетиот Образец.

Корисникот е должен на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на Проектот.

Член 7

Корисникот има обврска на соодветен начин да го објави учеството на Министерството во финансирањето на Проектот.

Член 8

Корисникот има обврска во согласност со позитивната законска регулатива да ги регулира авторското право и сродните права кои произлегуваат од реализацијата на Проектот преку склучување авторски и изведувачки договори со ангажираните лица.

Корисникот има обврска копии од склучените авторски и изведувачки договори да достави до Министерството заедно со извештајот од членот 6 став (1) од овој договор.

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Министерството го задржува правото на измена на висината на доделените средства од членот 3 став (1) на овој договор, во согласност со измените на висината на средствата во Буџетот на Република Македонија за 2015 година.

Измените и дополнувањата на овој договор се регулираат со склучување анекс кон Договорот.

За промена на одобрениот Проект, Корисникот има обврска писмено да информира за причините и да побара согласност од Министерството без која не може да се изврши измената.

Во случај на примена на ставот (3) од овој член, договорните страни се должни да потпишат анекс-договор.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Министерството има право едностранo да го раскине Договорот и да бара враќање на доделените средства, односно авансот, во случај доколку со извештај од извршена контрола и надзор се утврди дека Корисникот ненаменски и незаконски ги користи доделените средства, не го реализира Проектот во утврдениот рок, не ги почитува обврските утврдени во договорот, направи измени во Проектот без согласност на Министерството, не му овозможи на Министерството непречен увид во документацијата и реализација на Проектот, не се придржува до Оперативниот и до Финансискиот план за реализација на Проектот, кои се составен дел на овој договор, не достави извештај за реализацијата на Проектот на Образецот даден во прилог кон овој договор и не достави копии од склучените договори за регулирање на авторското право и сродните права.

Министерството во случаите утврдени во став (1) од овој член има право да го прекине натамошното финансирање на Проектот и ќе поведе постапка пред надлежен суд за враќање на доделените средства со законска казнена камата.

Во случаите од ставовите (1) и (2) од овој член, Корисникот нема право на учество на конкурс на Министерството во следните три години.

Член 11

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Евентуалните спорови во врска со извршувањето на договорот, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а во случај на спор надлежен е стварно-надлежниот суд во Скопје.

Член 12

Договорот е составен во четири (4) еднакви примероци, по два (2) за двете договорни страни.

Член 13

Договорот стапува во сила од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

МИЛ-Македонски културно уметнички друштво

Корисник

Ванчо Мицевски

Раководно лице

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

д-р Елизабета Канческа-Милевска

ПРИЛОГ КОН ДОГОВОРОТ:
- Оперативен план за реализација на проектот;
- Финансиски план за реализација на проектот;
- Образец за извештај за реализиран проект од областа на музејската дејност за 2015 година.

Изработи: Афед Јашари
Одобри: Александар Јорданоски
Согласен: д-р Бошко Ангеловски
Согласна: м-р Снежана Ристовска